МКС
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-2396/12
03-11-2026 20 ___ год. / viti

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24), а во врска со Одлуката бр. 08-2396/3 од 08.05.2026 година за реализација на постапката за избор на младински претставник во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) и Правилникот за начинот и постапката за избор на младински претставник во Управниот одбор на РИКО бр. 08-2396/5 од 13.05.2026 година, а во врска со член 16, став 3 од Законот за ратификација на договорот за основање на РИКО („Службен весник на Република Македонија“ со бр. 191/2016), Министерот на Министерство за социјална политика, демографија и млади ја донесе следната

ОДЛУКА

за поништување на постапката за избор на младински претставник во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО)

Член 1.

Се поништува постапката за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО), започната врз основа на Одлуката бр. 08-2396/3 од 08.05.2026 година.

Член 2.

Се поништува Јавниот повик за избор на младински претставник во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка, бр. 08-2396/9 од 13.05.2026 година.

Член 3.

Се задолжува Секторот за млади да пристапи кон подготовка на нова постапка за избор на младински претставник во Управниот одбор на РИКО, со претходно ревидирање и меѓусебно усогласување на актите со кои се уредува постапката. По донесувањето на соодветните акти, ќе се пристапи кон објавување нов јавен повик, целосно усогласен со новиот Правилник.

Член 4.

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Одлука бр. 08-2396/3 од 08.05.2026 година беше започната постапка за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО), по што беше донесен Правилникот за начинот и постапката за избор бр. 08-2396/5 од 13.05.2026 година и објавен Јавниот повик бр. 08-2396/9 од 13.05.2026 година.

Во текот на спроведувањето на постапката и при увидот во целокупната документација, беше констатирана суштинска неусогласеност помеѓу одредбите од Правилникот и содржината на објавениот Јавен повик.

Имено, согласно член 7 од Правилникот, јавниот повик задолжително треба да ги содржи условите за кандидатите, потребната документација, рокот и начинот на пријавување и описот на постапката за избор. Со член 4 од Правилникот се утврдени општите и посебните услови кои кандидатите треба да ги исполнуваат.

При увидот е констатирано дека во објавениот Јавен повик не се содржани во целост општите и посебните услови за кандидатите утврдени со Правилникот, како и целосен опис на постапката за избор.

Имајќи предвид дека рокот за поднесување на кандидатурите е веќе завршен, дополнително внесување, објавување или примена на услови кои не биле содржани во Јавниот повик би значело дополнување на условите на постапката по истекот на рокот за пријавување и би можело да доведе до нееднаков третман на кандидатите и нарушување на начелата на транспарентност, еднаков пристап, јавност и правна сигурност.

Констатираниот недостаток не може да се отстрани во текот на веќе започнатата постапка без да се влијае врз условите под кои кандидатите се пријавиле и без да се доведе во прашање регуларноста на понатамошната постапка.

Поради наведеното, а со цел обезбедување законита, транспарентна, инклузивна и еднаква постапка за сите заинтересирани кандидати, се оцени дека е неопходно тековната постапка да се поништи, да се ревидираат и меѓусебно усогласат актите со кои се уредува изборот, а по нивното донесување да се објави нов јавен повик.

Врз основа на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Министер,
Ѓоко Велковски

Изработил /: Стефан Степаноски Соработник
Контролирал: Арта Сулејмани – Раководител на одделение
Одобрил / : Милица Коцевска - по овластување бр. 03-5953/1
Согласен / : Елеонора Јовановиќ – по овластување бр.03-5953/2